"МАКПЕТРОЛ" Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Бр. 0307-4341 19.10.2022 20 год. СКОПЈЕ 4

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенамонското подрачје "ЈАСЕН" Бр. 02-576/1 19.10.2022 год. СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на нафта и нафтени деривати

Склучен на 19.10.2022 година, меѓу:

**ДОГОВОРЕН ОРГАН: ЈПУЗПП „ЈАСЕН" – Скопје**
ул.11 Октомври бр.23а, Скопје
со даночен бр. 4030005570027
жиро сметка бр. 300000002196407 депонент на Комерцијална банка АД Скопје
застапувано од директор , **Директорот, дипл.прав. Новица Зечевиќ**

(во натамошниот текст: Договорен орган)

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА: МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ**
ул.Св.Кирил и Методиј бр.4, Скопје
со даночен бр. 4030954258093
жиро сметка бр. 300000000126912 депонент на Комерцијална банка АД Скопје
застапувано од Директорот на Дирекцијата за големопродажба, **Зоран Доневски**
(во натамошниот текст: Носителот на набавката)

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на 9.000 литри Еуросупер БС 95, 15.000 литри Еуродизел БС, 1.000 литри Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1, и 300 килограми Течен нафтен гас (LPG) за потребите на **ЈПУЗПП „ЈАСЕН" – Скопје**, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-2022-16113/21/2, објавена преку електронскиот систем за јавни набавки на 14.10.2022 година, по спроведена поедноставена отворен постапка со оглас јавна набавка бр. 16113/2022 од 26.09.2022година

Проценетата вреднос на набавката изнесува 2.102.980,00 денари без пресметан ДДВ, односно 2.481.516,00 денари со пресметан ДДВ.

Предметните количини се ориентационо дадени, при што Договорниот орган го задржува правото да изврши промена на наведените количини во став 1 од овој член.

### II. ПРИЕМ И ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 2**

Договорниот орган е должен да достави писмена нарачка на количините за испорака на Еуросупер БС 95, Еуродизел БС и маслото за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 наведени во член 1 од овој договор и тоа еден ден однапред од денот на испораките, а носителот на набавката е должен, договорените количини да ги испорачува сукцесивно во место и време определено во писмената нарачка.

6

Течен нафтен гас (LPG) во боци ќе се превземаат од најблиската бензинска станица на Носителот на набавката, согласно потребите на Договорниот орган, по претходно доставена порачка за видот и количината на ТНГ боците, најдоцна 48 часа од добивањето на диспозиција.

За Набавка на Течен нафтен гас (LPG), Носителот на набавката ќе му издаде на Договорниот орган, по негова претходна писмена нарачка, Верна + картичките, следниот ден од денот на пристигнувањето на нарачката кај Носителот на набавката. Картичките се наменети исклучиво за снабдување со Течен нафтен гас (LPG) од бензинските станици на Носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да ги издаде Верна + картичките само на лице кое се легитимира со писмено овластување издадено од Договорниот орган.

За издадените деривати на бензинските станици Носителот на набавката му издава сметка на Договорниот орган, која мора да биде потпишана од двете договорни страни.

Договорниот орган е должен веднаш, на бензинската станица каде е извршено последното полнење на дериватите, да му ја врати на Носителот на набавката Верна + картичката, која е негова сопственост, тогаш кога нема повеќе средства на картичката.

Доколку за време на испораката дојде до било каква промена во однос на цените, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

**Член 3**

Договорниот орган се обврзува, приемот на Еуросупер 95 БС, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 и Еуродизел (D-EV) БС да ги потврди на документите издадени од добавувачот: испратница и мерната белешка , со внесување на личните податоци- полно име и презиме и бројот на личната карта на лицето овластено за прием на стоката кај Договорниот орган.

**Квантитативен прием**

**Член 4**

Квантитативниот прием Договорниот орган го врши при примопредавањето на Еуросупер БС 95, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 и Еуродизел БС во автоцистерни, односно складишта на Договорниот орган.

**Член 5**

Испораката на Еуросупер 95 БС, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 и Еуродизел (D-EV) БС, Носителот на набавката ќе ја врши со специјални возила наменети за ваков вид товар (цистерни со мерен систем за мерење на зафатнина на течни горива) франко складиште на набавувачот во минимум количина од 500 литри. Под мерен систем за мерење и верифицирање на зафатнина на течни горива се подразбира мерен уред сертифициран од Бирото за метрологија при Министерството за економија на Р.Македонија и пломбиран со уредна пломба (жиг ), не постара од 1 година со која се потврдува исправноста на мерниот уред. Мерниот систем печати мерна белешка (волуметраска белешка) која ги содржи следниве податоци: датум и време на испорака,вкупно издадени литри на работна температура и вкупно издадени литри на референтна температура од 15 $C^0$.

При секоја испорака Носителот на набавката е должен да врши проверка на сертификатот и уредноста на пломбата. При евентуален недостаток Договорниот орган ја одбива испораката на Еуросупер БС 95, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ1 и Еуродизел БС.

При секоја испорака на дериватите, Носителот на набавката издава испратница и мерна белешка (волуметарска белешка).

Носителот на набавката ќе ги фактурира количините на испорачаните Еуросупер БС 95, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 и Еуродизел БС согласно мерениот инструмент т.н. волуметар, вграден во автоцистерната, за кое што Носителот на набавката и превозникот имаат обезбедено сертификат за исправност на мерилото, издаден од надлежните служби на Р.Македонија- Биро за метрологија.

**Квалитативен прием**

**Член 6**

Еуросупер БС 95, Еуродизел БС, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1,Течен нафтен гас (LPG) во боци предмет на овој договор поседуваат квалитет во склад со важечкиот Правилник за квалитет на течни горива на Р.Македонија и е во согласност со важечките македонски стандарди МКС ЕН 228; МКС ЕН 590; МКС Б.Х2 430 и МКС1001

За квалитетот на предметот на набавка , Носителот на набавката е должен да обезбеди изјава за сообразност.

Приговор на квалитетот на Еуросупер 95 БС, Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 и Еуродизел (D-EV) БС, се доставува до Носителот на набавката веднаш или најдоцна во рок од 1 ден од неистоварено возило.

Во случај на рекламација, заеднички земениот примерок од рекламираните деривати се анализира во акредитирана контролна лабораторија која спогодбено ја определуваат двете страни. Резултатите од оваа лабораторија се меродавни за двете страни.

Доколку се констатира отстапување од декларираниот квалитет, трошоците за испитување паѓаат на товар на Носителот на набавката, а доколку се констатира дека рекламацијата е неоснована ,тогаш сите трошоци паѓаат на товар на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во рок од 8 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

**Член 7**

Рекламациите предвидени во член 6 од овој договор, кои не се направени во предвидиот рок со овој договор, Носителот на набавката не е должен да ги разгледува и да постапи по нив.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Цената на Еуросупер 95 БС, Еуродизел БС и Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1, предмет на овој договор се продаваат според цената утврдена согласно Одлуката донесена од Регулаторната Комисија за енергетика на РМ за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати, кои важат на денот на испораката.

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката-испратница и мерна белешка.

Носителот на набавката е должен да врши фактурирањето на вкупно издадените литри на Еуросупер БС 95, Еуродизел БС и Масло за горење Екстра-лесно ЕЛ-1 согласно количината наведена во мерната белешка.

Цената на течниот нафтен гас (LPG), предмет на овој договор е променлива и истите се продаваат од бензинските станици на Носителот на набавката според малопродажнита цена.

Цените на течниот нафтен гас (LPG) се формира слободно и е во корелација со движењето на цените на светскиот пазар на пропанот и бутанот, како и вредноста на уса доларот во однос на мк денарот иважи согласно ценовникот на Носителот на набавката.

За издадените деривати на бензинските станици носителот на набавката му издава ,,сметка" на Договорниот орган која мора да биде потпишана од двете договорни страни.

Доколку за време на испораката дојде до било каква промена во однос на цените, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

**Член 9**

Договорниот орган е должен плаќањето на Еуросупер БС 95, Еуродизел БС и Маслото за горење Екстра- лесно ЕЛ-1 да го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на испораката.

Плаќањето на издадените Верна + картичките за набавка на течниот нафтен гас (LPG) Договорниот орган ќе ги врши во рок од 30(триесет) дена од денот на издавање на фактурата за Верна + картичките, вирмански.

Доколку Договорниот орган, обврската за плаќање не ја врши согласно рокот наведен во став 1 и став 2 на овој член, Носителот на набавката пресметува законска казнена камата за целиот период на доцнење.

Доколку Договорниот орган има неплатени стасани побарувања, Носителот на набавката го задржува правото за неиспорака на нови количини гориво, односно неиздавање на нови Верна + картички до целосно подмирување на долгот.

## IV. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

**Член 10**

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

**Член 11**

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, поплави, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера ќе го оневозможи континуираното снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредо влијаат врз извршувањето на обврските.

## V. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Овој договор може да се раскине со взаемна согласност или по барање на една од договорните страни со доставување на писмено известување .

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Овој договор стапува во сила од моментот на неговото потпишување од овластените застапници на договорните страни, и важи 1 (една) година.

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и други закони и акти што ја регулираат материјата, предмет на овој договор.

**Член 14**

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат.

Дополнителни прилози и протоколи можат да го дополнуваат овој договор под услов да се потпишат од овластени застапници на двете договорни страни.

**Член 15**

Сите спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а до колку тоа не се постигне, за нивно разрешување, странките договараат месна надлежност на стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 16**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**МАКПЕТРОЛ АД – СКОПЈЕ**

**Директор на големопродажба,**

**Зоран Доневски**

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**ЈПУЗПП „ЈАСЕН" – СКОПЈЕ**

**Директор,**

**дипл.прав. Новица Зечевиќ**